Број 6 Година X

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925
www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за реализација на проектот „Изградба на општинска детска градинка по принципите на енергетска ефикасност, во рамките на училишниот двор во ООУ „Аврам Писевски“,село Бардовци**

1.Се објавува Одлуката за реализација на проектот „Изградба на општинска детска градинка по принципите на енергетска ефикасност, во рамките на училишниот двор во ООУ „Аврам Писевски“, село Бардовци, донесена на триесет и треттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-2684/1**
**Датум: 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и третта седница, одржана на 31 март 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за реализација на проектот „Изградба на општинска детска градинка по принципите на енергетска ефикасност, во рамките на училишниот двор во ООУ „Аврам Писевски",село Бардовци**

**Член 1**

Со оваа одлука се потврдува дека проектот „Изградба на општинска детска градинка по принципите на енергетска ефикасност, во рамките на училишниот двор во ООУ „Аврам Писевски", село Бардовци, со технички број 714-02-15, н.м. Бардовци, е приоритет за општина Карпош и истиот е вклучен во „Стратешки план за развој на општина Карпош". За реализација на горенаведениот проект се дава согласност општина Карпош да аплицира до Министерството за финансии за добивање на средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура преку кој урбаните општини може да поднесат барање за финансиска поддршка со максимална вредност од 120.000 евра.

**Член 2**

Согласно техничката документација, проценеттата вредност на проектот изнесува 15.100.000,00 денари или 245.528 евра, без пресметан ДДВ.
Финанисрањето на проектот ќе биде обезбедено со ИПА алокацијата за општина Карпош, во вредност од 7.380.000,00 денари или 120.000 евра без пресметан ДДВ, додека преостанатите средства за целосно затворање на финансиската конструкција на проектот ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Карпош за 2015 година од Програмата ВА социјална заштита и заштита на деца (капитални расходи).

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 08-2461/4**
**Датум: 31.03.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за реализација на проектот „Реконструкција и рехабилитација на коловоз на улицата бр.10 со технички број 704-02/15, улица бр.12 со технички број 708-02/15 и реконструкција на тротоари на станбена улица „10“ (десна страна од улица „2“ до улица „12“) “, технички број 72-02-15, н. м. Бардовци**

1.Се објавува Одлуката за реализација на проектот „Реконструкција и рехабилитација на коловоз на улицата бр.10 со технички број 704-02-15, улица бр.12 со технички број 708-02/15 и реконструкција на тротоари на станбена улица „10“ (десна страна од улица „2“ до улица „12“), технички број 72-02-15, н.м.Бардовци“, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-2684/2**
**Датум: 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 31 март 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за реализација на проектот „Реконструкција и рехабилитација на коловоз на улицата бр.10 со технички број 704-02/15, улица бр.12 со технички број 708-02/15 и реконструкција на тротоари на станбена улица „10“ (десна страна од улица „2“ до улица „12“) “, технички број 72-02-15, н. м. Бардовци**

**Член 1**

Со оваа одлука се потврдува дека проектот „Реконструкција и рехабилитација на коловоз на улицата бр.10 со технички број 704-02/15, улицата бр.12 со технички број 708-02/15 и реконструкција на тротоари на станбена улица „10“ (десна страна од улица „2“ до улица „12“) “, технички број 72-02-15, н. м. Бардовци, е приоритет за општина Карпош и истиот е вклучен во „Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Карпош за 2015 година“ бр.07-8913/8 од 24.12.2014. За реализација на горенаведениот проект се дава согласност општина Карпош да аплицира до Министерството за финансии за добивање на средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура преку кој урбаните општини може да поднесат барање за финансиска поддршка со максимална вредност од 120.000 евра.

**Член 2**

Согласно техничката документација, проценеттата вредност на проектот изнесува вкупно 5.997.878,50 денари или 97.526 евра, без пресметан ДДВ, или засебно за улица број 10 – 1.251.180,50 денари или 20.344 евра без пресметан ДДВ, за улица број 12 – 3.459.073,00 денари или 56.245 евра без пресметан ДДВ и за реконструкција на тротоари на улица 10 – 1.287.625,00 денари или 20.937 евра без пресметан ДДВ.
Финанисрањето на проектот ќе биде обезбедено со ИПА алокацијата за општина Карпош, во вредност од 5.997.878,50 денари или 97.526 евра без пресметан ДДВ.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 08-2461/5**
**Датум: 31.03.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за реализација на проектот „Покривање на атмосферски отворен канал на дел од улица Козле 3, Средно Нерези со технички број 2504/12**

1.Се објавува Одлуката за реализација на проектот „Покривање на атмосферски отворен канал на дел од улица Козле 3, Средно Нерези со технички број 2504/12, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-2684/3**
**Датум: 01.04.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 31 март 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за реализација на проектот „Покривање на атмосферски отворен канал на дел од улица Козле 3, Средно Нерези со технички број 2504/12**

**Член 1**

Со оваа одлука се потврдува дека проектот „Покривање на атмосферски отворен канал на дел од улица КОзле 3, Средно Нерези со технички број 2504/12, е приоритет за општина Карпош и истиот е вклучен во „Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Карпош за 2015 година“ бр.07-8913/8 од 24.12.2014. За реализација на горенаведениот проект се дава согласност општина Карпош да аплицира до Министерството за финансии за добивање на средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура преку кој урбаните општини може да поднесат барање за финансиска поддршка со максимална вредност од 120.000 евра.

**Член 2**

Согласно техничката документација, проценеттата вредност на проектот изнесува 1.707.067,00 денари или 27.757 евра, без пресметан ДДВ.

Финанисрањето на проектот ќе биде обезбедено со ИПА алокацијата за општина Карпош, во вредност од 1.707.067,00 денари 27.757 евра без пресметан ДДВ.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 08-2461/6**
**Датум: 31.03.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на општинска детска градинка во рамките на училишниот двор во ООУ „Аврам Писевски", село Бардовци, Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на општинска детска градинка во рамките на училишниот двор во ООУ „Аврам Писевски", село Бардовци, Општина Карпош, донесена на триесет и треттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 10-2684/4**
**Датум: 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 31 март 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на општинска детска градинка во рамките на училишниот двор во ООУ „Аврам Писевски“, село Бардовци, Општина Карпош**

**Член 1**

Инвеститорот Општина Карпош, се ослободува од обврската за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на општинска детска градинка во рамките на училишниот двор во ООУ „Аврам Писевски“, село Бардовци, Општина Карпош.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе се наменат за изградба на објект општинска детска градинка во рамките на училишниот двор во ООУ „Аврам Писевски“, село бардовци, општина Карпош.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-2461/7**
**Датум: 31.03.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2015 година**

1.Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2015 година, Општина Карпош, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 10-2684/5**
**Датум: 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 ), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 31 март 2015 година, донесе

## Програма
### за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2015 година

I Во Програмата за урбанистичко планирање за 2015 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр.18/2014), во глава IV. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАЦРТ И ПРЕДЛОГ ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СОГЛАСНО УСВОЕНИ РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАНОВИ ЗА ЧЕТВРТ, во точка 2.1. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СОГЛАСНО РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ ССЗ 02, се додава потточка 2.1.1. која гласи:

2.1.1. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА БЛОК 6 ОД ЧЕТВРТ ССЗ 02

II Во глава IV. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАЦРТ И ПРЕДЛОГ ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СОГЛАСНО УСВОЕНИ РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАНОВИ ЗА ЧЕТВРТ, во точката 3.1. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СОГЛАСНО РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ ССИ 03 се додаваат 4 потточки 3.1.1., 3.1.2, 3.1.3 I 3.1.4, кои гласат:

„3.1.1. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА БЛОК 5 ОД ЧЕТВРТ ССИ 03, СЕВЕРЕН ДЕЛ ОД КАСАРНА ИЛИНДЕН, ОПШТИНА КАРПОШ И ОПШТИНА ЧАИР
3.1.2. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА БЛОК 2 ОД ЧЕТВРТ ССИ 03
3.1.3. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА БЛОК 4 ОД ЧЕТВРТ ССИ 03
3.1.4. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА БЛОК 9 ОД ЧЕТВРТ ССИ 03“

III Во глава VI. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАЦРТ И ПРЕДЛОГ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО, после точката 6 се додаваат нови точки 7, 8, 9 и 10 кои гласат:

7. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БАРДОВЦИ - БЛОК 41
8. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БАРДОВЦИ - БЛОК 42

9. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БАРДОВЦИ - БЛОК 20
10. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БАРДОВЦИ - БЛОК 14

IV. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 08-2461/8**
**Датум: 31.03.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца – детска градинка „Детско Царство“ во Скопје**

1. Се објавува Заклучокот за за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца – детска градинка „Детско Царство“ во Скопје, донесен на триесет и треттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-2684/6**
**Датум: 01.04.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 19, став 7 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14 и 10/15), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница одржана на31 март 2015 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца – детска градинка „Детско Царство“ во Скопје**

1. Се дава согласност на Статутот на Приватната установа за деца – детска градинка „Детско Царство“ во Скопје, донесен од основачот – Друштво за промет и услуги ДЕТСКО ЦАРСТВО ДООЕЛ, Скопје.

2. Заклучокот да се достави до основачот - Друштво за промет и услуги ДЕТСКО ЦАРСТВО ДООЕЛ-Скопје.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош”

**Број: 08-2461/9**
**Датум: 31.03.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-2684/7**
**Датум: 01.04.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и треттата, одржана на 31 март 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**

**Член 1**

Се усвојува барањето за доделување на финансиски средства како материјална поддршка за организирање на Државни спортски игри за основни училишта - Мали олимписки игри, бр.08-2382/3 од 19.03.2015 година, доставено од Здружението на граѓани „Општински сојуз за училишен спорт на Општина Карпош, Скопје.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 350.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2015 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-2461/10**
**Датум: 31.03.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства, донесена на триесет и треттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-2684/8**
**Датум: 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата, одржана на 31 март 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства во износ од 200.000,00 денари, како помош за лекување и рехабилитација на членот на Советот на Општина Карпош – Дејан Димковски.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2015 година.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

**Број: 08-2461/11**
**Датум: 31.03.2015 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош, донесен на триесет и треттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-2684/9**
**Датум: 01.04.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/2005, 4/2008,103/08,156/09,95/10,181/11 и171/12), Советот на Општина Карпош на триесет И третата седница одржана на 31 март 2015 година, донесе

# О Д Л У К А

**За проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Општина Карпош**

**За 2015 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување и измена на распоредот на средства во Буџетот на општина **Општина Карпош**

За **2015** година на следниот начин :

| Потпрограма и назив на потпрограмата / Потставка и опис на потставката | | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потставки :** | | | | | |
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 0 | 0 | 300.000 | 0 |
| 723911 | Закупнина од објекти | 1.180.000 | 0 | 0 | 0 |
| 723111 | Целодневна и претшколска грижа | 850.000 | 0 | 0 | 0 |
| | | 2.030.000 | 0 | 300.000 | 0 |
| **F20** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** | | | | |
| 481220 | Набавка или нова изградба на деловни објекти | 0 | 0 | 0 | -5.000.000 |
| **JD0** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | |
| 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 |
| **JE0** | **ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ** | | | | |
| 482920 | Изградба на други објекти | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 500.000 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 280.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 250.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 100.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 30.000 | 0 | 0 | 0 |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 20.000 | 0 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 300.000 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 150.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 700.000 | 0 | 0 | 0 |
| | | 2.030.000 | 0 | 300.000 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина **Општина Карпош** и станува составен дел на Буџетот на општината за **2015** година.

БР. 08-2461/12 31.03.2015 Скопје

**Претседател на Советот на Општина**
**Општина Карпош**
**м-р Сашо Лазаровски,с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлуката за наградување на професори-тренери и поединечно прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2015 година**

1. Се објавува Одлуката за наградување на професори-тренери и поединечно прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2015 година, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-2684/10**
**Датум: 01.04.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со Глава II Проектни активности, точка 1. Училишни спортски игри Карпош 2015, од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2015 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 18/2014), Советот на Општина Карпош, на триесет и третата седница, одржана на 31 март 2015 година, донесе

## ОДЛУКА
### за наградување на професори-тренери и поединечно прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2015 година

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува доделување на 21 парични награди на професорите-тренери по физичко и здравствено образование и индивидуално прогласените ученици спортисти за постигнат успех во училишните спортски лиги Карпош 2015.

За професорите-тренери по физичко и здравствено образование, се доделуваат следните награди:

- За освоено прво место на училишната спортска екипа по 10.000,00 денари за три професори: фудбал, кошарка, одбојка,
- За освоено второ место на училишната спортска екипа по 7.000,00 денари за три професори: фудбал, кошарка, одбојка и
- За освоено трето место на училишната спортска екипа по 6.000,00 денари за три професори: фудбал, кошарка, одбојка.

За поединечно прогласените најдобри спортисти во училишните лиги на Општина Карпош ќе се додели парична награда во износ од по 6.000,00 денари за дванаесет ученици.

**Член 2**

Средствата за исплата на паричните награди од член 1 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2015 година.

**Член 3**

За исплата на наградите од член 1 на оваа одлука, поединечни решенија донесува Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-2461/13**
**Датум: 31.03.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за изградба и одржување на јавно осветлување на просторот околу локалитет Македонско село во општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за изградба и одржување на јавно осветлување на просторот околу локалитет Македонско село во општина Карпош, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 март 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-2684/11**
**Датум: 01.04.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 14 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09), Советот на Општина Карпош, на триесет и треттата седница, одржана на 31 март 2015 година, донесе

# ОДЛУКА

**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за изградба и одржување на јавно осветлување на просторот околу локалитет Македонско село во општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје, согласно која Градот Скопје ги превзема активностите околу изградбата и одржувањето на јавно осветлување на просторот околу локалитетот Македонско село во Општина Карпош.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје, со која ќе се воспостави меѓуопштинска соработка, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 3**

Финансиските средства за изградбата и одржувањето на јавно осветлување на просторот околу локалитет македонско село во Општина Карпош, а кои се предмет на оваа одлука, се обезбедуваат во Буџетот на Град Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-2461/14**
**Датум: 31.03.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

СОДРЖИНА

1. Одлука за реализација на проектот „Изградба на општинска детска градинка по принципите на енергетска ефикасност, во рамките на училишниот двор во ООУ „Аврам Писевски“,село Бардовци, со Решение за објава,
2. Одлука за реализација на проектот „Реконструкција и рехабилитација на коловоз на улицата бр.10 со технички број 704-02/15, улица бр.12 со технички број 708-02/15 и реконструкција на тротоари на станбена улица „10“ (десна страна од улица „2“ до улица „12“) “, технички број 72-02-15, н. м. Бардовци, со Решение за објава,
3. Одлука за реализација на проектот „Покривање на атмосферски отворен канал на дел од улица Козле 3, Средно Нерези со технички број 2504/12, со Решение за објава,
4. Одлука за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на општинска детска градинка во рамките на училишниот двор во ООУ „Аврам Писевски“, село Бардовци, Општина Карпош, со Решение за објава,
5. Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2015 година, со Решение за објава,
6. Заклучок за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца – детска градинка „Детско Царство“ во Скопје, со Решение за објава,
7. Одлука за одобрување на финансиски средства, со Решение за објава,
8. Одлука за одобрување на финансиски средства, со Решение за објава,
9. Одлука за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош, со Решение за објава,
10. Одлука за наградување на професори-тренери и поединечно прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2015 година, со Решение за објава и
11. Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за изградба и одржување на јавно осветлување на просторот околу локалитет Македонско село во општина Карпош, со Решение за објава.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**